# Мобилен скенер на баркодови

## Тата-мата за баркод-етикети!

ИНФО

• **ПРОИЗВОДИТЕЛ**: Unitech www.ute.com
• **ПРОИЗВОД НА ТЕСТ ОД**: ИНФО-КОД www.info-kod.com.mk

ЗА И ПРОТИВ

- ↑ Добра заштита од прав и вода
- ↑ Голем екран кој реагира на допир
- ↑ Можност за проширување на меморијата до 2GB
- ↑ Одлични перформанси при скенирањето на бродовите
- ↓ GPRS опцијата не е стандардна кај сите модели
- ↓ Цена

ЦЕНА

• **90.489 денари**

ОЦЕНА



8/10

МНОГУ ДОБРО

Одличен рачен компјутер чија главна намена е скенирање на баркодови.

Потребните електронски помагала за работа во магацински и тешки услови зачестија во Click. По претставувањето на издржлив печатач за печатење етикети, на ред е претставување рачен мобилен компјутер од програмата на Unitech. Станува збор за уредот PA 600 наменет за работа во тешки услови, складишта или, пак, надворешен терен. Како и сите останати рачни компјутери опремен е со солиден процесор (520 MHz Intel PXA270) 64 MB РАМ меморија и Flash ROM. Дополнително може да се вгради SD-мемориска картичка за да се прошири меморијата со уште максимални 2 GB. Тоа што го разликува од стандарден мобилен компјутер (може да ги изведува сите стандардни операции, па дури и да репродуцира видео) е добрата заштита која овозможува работење во правливи и нечисти простории, а воедно е водоотпорен. Во спецификациите е наведена и заштита од удари или паѓање од рака, но таков тест не изведовме. Солидната заштита го потврдува тоа, а начинот на кој се вметнува дополнителната мемориска SD-картичка (потребно е да се отстранат посебни шрафови за да се дојде до слотот) само потврдуваат за водоотпорноста. PA 600 го карактеризира голем екран со резолуција 240 x 320 пиксели, реагира на допир преку кој може да се управува оперативниот систем Windows Mobile 5.0, инсталиран во уредот. Иако по скенирањето на баркодовите во магацините уредот најчесто се користи со употреба на прсти, на задната страна е поставено пенкало што служи за притискање по екранот. Од останатите карактеристики треба да се споменат 18-те алфанумерички копчиња на предната страна, кои се однесуваат како копчиња на стандарден мобилен телефон. Од двете страни на горниот дел се поставени дополнителни копчиња кои се користат за вклучување и исклучување на скенерот за баркодови. Одлична опција на PA600 е што базата која служи за полнење на вградената 1950 mAh Li-Ion батерија се користи и како база за комуникација со компјутерот со кој е поврзан уредот. Синхронизацијата и пренесувањето на податоците од PA600 кон компјутер може да се изведуваат преку IrDA 1.2 (комуникација со инфрацрвени зраци), безжично преку Bluetooth-поддршката или, пак, преку безжичните 802.11 b/g стандарди за поврзување. Bluetooth поддршката овозможува и користење Bluetooth-печатач, модем или друг уред за синхронизација. Како опција (кај некои модели на PA600) вклучен е и GPRS со што уредот се претвора во мобилен телефон и преку мобилната мрежа може директно да се испраќаат податоците доколку е така поставен целиот систем. Одличните карактеристики би биле залудни доколку главната работа на PA600, односно скенирањето на баркодови не ја изведува добро. Но во случајот тоа не е така, дури можеме да кажеме дека PA600 е перфектен во однос на читање на баркодовите и тоа токму во тешки магацински услови. Без проблеми ги чита сите искривени, истуткани и нечисти етикети со баркодови, а со леснотија се снаоѓа и со сите дебелини и големини на линиите на етикетите. Далечината на изведување на операцијата за скенирање на баркодови исто така не претставува проблем, па така скенирањето може да се изведе од близина на неколку сантиметри, па дури и до 1 метар оддалеченост. Тоа што изненадува е фактот што PA600 одлично работи и на разни нивоа на осветление, па така нема проблем да ги скенира и баркодовите во надворешни услови со многу силна светлина која доаѓа од сонцето. Цената на уредот можеби е малку превисока за наши стандарди, но перформансите и заштитата што ја нуди PA600 би требало да бидат пресудни за корисниците што работат во тешки услови.. ●

[ИВАН МАНЧЕВСКИ]

**Без проблеми ги чита сите искривени, истуткани и нечисти етикети со баркод, а со леснотија се снаоѓа и со сите дебелини и големини на линиите на етикетите**



**Универзалец кој чита и тешко читливи бар-кодови, а може да послужи како мобилен телефон**

## СПЕЦИФИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| **ЦЕНА** | 90.489 денари |
| **ГАРАНЦИЈА** | 12 месеци |
| **ПРОЦЕСОР** | 520 MHz Intel PXA270 |
| **МЕМОРИЈА** | 64 MB РАМ, Flash РОМ и можност за SD картичка до 2GB |
| **ЕКРАН И РЕЗОЛУЦИЈА** | 240 x 320 пиксели осетлив на допир |
| **ОПЕРАТИВЕН СИСТЕМ** | Windows Mobile 5.0 |
| **КОНЕКЦИЈА** | IrDA 1.2, Bluetooth, WiFi 802.11b/g, (GPRS кај некои модели) |
| **ТЕЖИНА** | 290 грама |
| **ДИМЕНЗИЈА** | 149 x 26 x 85 мм. |